АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА
НА ОСИГУРУВАЊЕ

Бр. 02-1026/4
10.10 20 13 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на членот 158-ѕ точка 1) и член 122 став (1) точка 4) од Законот за супервизија на осигурување- пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011 ("Службен весник на РМ" бр.23/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за методот на вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси

**Член 1**

Во Правилникот за методот на вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси („Службен весник на РМ" бр. 169/2010) во членот 7 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7) кои гласат:

"(5) Во однос на побарувањата по основ на премија за осигурување кај кои **договорениот рок на доспевање** утврден во договорот (полисата) за осигурување односно анексот кон договорот **е утврден после датумот на истек на скаденцата** по договорот за осигурување, друштвото врши исправка на вредност во износ од 100% од износот на овие побарувања почнувајќи од првиот ден на истек на скаденцата по договорот за осигурување, без оглед на периодот на доцнење во исполнување на обврската од страна на должникот.

(6) Во однос на побарувањата по основ на регрес кај кои **договорениот рок на доспевање** утврден во спогодбата за наплата на регресниот долг склучена со регресниот должник **е утврден после 365 дена од датумот на склучување на спогодбата,** друштвото врши исправка на вредност во износ од 100% од износот на овие побарувања почнувајќи од 366-от ден од денот на склучување на спогодбата, без оглед на периодот на доцнење во исполнување на обврската од страна на регресниот должник."

(7) Во однос на побарувањата од став (5) и (6) од овој член, до истекот на скаденцата по договорот за осигурување односно до 365-от ден од денот на склучување на спогодбата за наплата на регресниот долг, друштвото ги применува процентите на исправка на вредност утврдени во став (2) од овој член.

Ставот (5) станува став (8).

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**Бр. 02-1026/6 2013 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти**
**д-р Климе Попоски**